ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-243/17
23.03. 2018 год.
СКОПЈЕ

ИСРМ ISR

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2018 ГОДИНА

Изработил:
Филип Тасков

Скопје, февруари 2018 год.

Врз основа на член 25, став 1, алинеа 8 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр. 07-124/2 од 11.02.2004 година, а во врска со 5 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членарината бр. 07-763/7 од 23.06.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на седница одржана на 22.02.2018 година донесе:

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции како и процентот од просечната месечна нето плата во 2017 година во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженијата на граѓани и физичките лица.

Член 2

Финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции изнесува 330 денари.

Член 3

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите изнесува 15%.

Член 4

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Македонија за пресметка на членарината за здруженијата на граѓани изнесува 10%.

Член 5

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Македонија за пресметка на членарината за физичките лица изнесува 5%.

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,
13.03.2018 година

Претседател на Совет на ИСРМ
Леко Ристовски